PRESS RELEASE

Бр. 16/2014
18.11.2014 год.

# ГОЛЕМО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО ПРВИТЕ ТРИ КВАРТАЛИ ОД 2014 ГОДИНА

| Зголемена добивка од 36.4% или 430.8 милиони евра | Пораст на износ на дивиденда за 65.5% или 3.26 евра | Стабилна премија во износ од околу 7.0 Милијарди евра | Комбиниран резултат на работење намален на одлични 97.2% |
|---|---|---|---|

Виена Иншуренс Груп оствари мошне добар деловен резултат во првите три квартали од 2014 година. Премијата се движи од околу 7.0 милијарди евра и го задржа истото ниво на премија од минатата година и покрај значителното влијание на негативната курсна разлика. Кога се направи корекција заради овие влијанија, премијата покажа пораст од 1.7 проценти.

Одличното работење на компаниите во Групацијата покажа значително зголемување на добивката од 36.4% (пред оданочување) во вредност од 430.8 милиони евра. Нето добивката пред неконтролирачки сопственички интереси се зголеми и достигна високи 50.7 проценти или 327.7 милиони евра додека дивидендата забележа раст од 65.5 проценти во износ од 3.26 евра.

Одличен резултат се постигна и во комбинираниот резултат од работењето, каде што се бележи пад од 3.5 проценти од година во година за да достигне многу добар процент од 97.2% во 3-иот квартал од годинава. Виена Иншуренс Груп успеа да го постигне овој голем напредок и покрај тековната политика за резервации за осигурителното друштво Дунав осигурување Италија (Donau Versicherung Italia) и негативното влијание што го имаше врз севкупното работење.

Финансискиот резултат на ВИГ изнесуваше 844.1 милиони евра, а вложувањата на Виена Иншуренс Груп (вклучувајќи ја готовината и паричните еквиваленти) изнесуваше околу 31.1 милијарди евра (на 30.09.2014 година).

## ЗНАЧИТЕЛНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА



***„25 години по нашето влегување на пазарите во Централна и Источна Европа, нашите компании од Групацијата остваруваат околу 57 проценти од вкупниот профит на Виена Иншуренс Груп. Јас сум убеден дека овој регион ќе продолжи да остварува забележителен напредок уште долго време.”***

**Петер Хаген**
ЦЕО Виена Иншуренс Груп
(главен извршен директор)

## ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ НА ПАЗАРИТЕ ВО ЦИЕ

Добивката (пред оданочување) порасна 9.5 проценти за пазарите во ЦИЕ, а дури за 14.2 проценти по извршената корекција заради курсните разлики. Во целина, компаниите од Групцијата што работат во ЦИЕ остваруваат профит од 56.7 проценти што е повеќе од половина од остварениот профит на Групацијата. Особено задоволува податокот што сите пазари од регионот остварија позитивни резултати (со исклучок на Босна и Херцеговина, поради големите штети од природната катастрофа што ја задеси земјата).

Пазарот во Романија продолжи со внимателниот опоравок до кој дојде во претходните квартали, па затоа прикажа добивка (пред оданочување) од 2.6 милиони евра.

Австрискиот сегмент исто така покажа задоволителни резултати во добивката со скок од 10.6 проценти по вонредните трошоци во минатата година.

## ДИСЦИПЛИНИРАНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА РИЗИЦИ

Виена Иншуренс Груп следи политика што се базира на дисциплина и на стекнување заработка што се однесува до прием на осигурување по основ имоти и незгода. Покрај останатите работи,  ова беше една од причините за пад на премиите по основ моторни возила и А/О осигурувања во Романија.

Што се однсува до Австрија, големиот пад на премии кај Дунав осигурување се компензираше со големиот порас во работењето на Винер Штедише од Австрија.

Премиите по основ на осигурување имоти и незгода бележат двоцифрен пораст на некои пазари во ЦИЕ, како што се Србија (+14.9%), Албанија (+35.6 проценти), Македонија (+32.6 проценти) и Грузија (+21.9 проценти).

По направените корекции заради курсните разлики, компаниите на ВИГ Групацијата во овој сегмент остварија вкупен порас на премија од 0.8 проценти.

## ПОРАСТ НА ПРЕМИЈА ВО ЖИВОТНИ ОСИГУРУВАЊА

Животното осигурување покажа раст од 1.7 проценти на премија или во вредност од 3.2 милијарди евра. Во Австрија, Винер Штедише забележа најголем пораст од 6.9 проценти.

Сите три друштва за осигурување во Чешката Групација забележаа пораст во животното осигурување со вкупен раст од 2.7 проценти во евра. Порастот изразен во локална валута беше уште поголем и тоа 9.7 проценти.

Во Словачка, осигурителното друштво на Словачка („Poisť ovňa Slovenskej sporiteľne” ) оствари пораст од 22.8 проценти во сегментот дистрибуција преку банки преку подружниците на Ерсте Групацијата.

Полска исто така покажа раст од 21.5 проценти во врска со премијата во осигурување живот (по извршените корекции заради намалувањата на краткорочни еднократни осигурувања на меѓународно ниво). Друштвата за осигурување што ја сочинуваат Полската Групација бележат одличен пораст од околу 36 проценти по основ премија од редовните осигурувања. Компенса Лајф („Compensa Life”) продолжи да расте кај Балтичките држави бележејќи раст од 25.5 проценти.

Земјите од ЦИЕ во преостанатите пазари остварија вкупно зголемување од околу 20 проценти во сегментот на животно осигурување.

## ДОБРА ПОЗИЦИОНИРАНОТ НА ВИГ СОГЛАСНО СТРУКТУРАТА НА ГРУПАЦИЈАТА

Виена Иншуренс Груп постојано ја следи структурата и ефикасноста што ја има постигнато со своето присуство на поединечните пазари. Со спојувањето на двете друштва за осигурување живот, „Коменса” (*Compensa*) и „Бенефиа” (*Benefia*) Групацијата доби уште пофокусирано присуство на клучниот пазар Полска. Отсега, производите на двете компании ќе се нудат под брендот на „Компенса Лајф”, (*Compensa Life*). Групацијата оствари уште појасно дефинирано присуство на пазарот во Албанија преку спојувањето на „Сигма” (*Sigma*) со „Интералбаниан” (*Interalbanian*).

## ШИРЕЊЕТО ГО ЗГОЛЕМУВА ПОТЕНЦИЈАЛОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА

***„Стратешката аквизиција на клучните пазари Полска и Унгарија ни отвори дополнителни канали на дистрибуција овозможувајќи ни да ги зацврстиме односите со нашите клиенти и да ја засилиме нашата позиција."***

Петер Хоган

Друштвата за осигурување живот што ги купивме во Полска и Унгаргија успешно се интегрираа во Групацијата во првите три квартали од финансиската 2014 година. Некогашната „AXA Biztosító” се преименува во „Виена Лајф Бизтосито” (*Vienna Life Biztosító*) како дел од процесот на акцизиција и сега со полна пареа започнува со работа со нови производи.

Со продажбата на профитабилни осигурителни производи што вклучуваат покритие и вложувања, „Скандиа Полска”, (*Skandia Poland*) придонесе за зголемениот пораст на животните премии во Полска.

Со официјалната потврда за стекнување на друштвото за осигурување „Донарис” (*Donaris*) се пополни последната празнина во овој регион. „Донарис” го завзема 3-то место на локалниот пазар за осигурување со главна насоченост кон осигурување на моторни возила. ВИГ ја следи својата докажана стратегија првично да влезе на пазарот а потоа да ја развива понудата на осигурителни производи во иднина, што го направи со „Донарис”.

## ИЗВОНРЕДЕН РАБОТОДАВАЧ

***„Оваа награда ни е потврда дека имаме извонредна стратегија за развој на ВИГ како привлечен работодавач кој се избира меѓу останатите работодавачи. Нудиме возбудливи можности за вработување и напредок низ целиот регион на ЦИЕ за сите талентирани луѓе и луѓе посветени на работата"***

Петер Хаген

Виена Иншуренс Груп доби сребрен медал за квалитет по прв пат што се доделува од страна на „Career's Best Recruiters” - студија за најдобар работодавач во Австрија. Организаторите на оваа студија вклучуваат околу 500 компании во Австрија секоја година земјаќи ги предвид постапките на регрутирање, онлајн огласите за вработување, обработувањето на понудите и повратна информација до кандидатите. Сребрениот медал за квалитет го постави ВИГ како еден од врвните работодавачи во земјата.

## ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ВИГ 2013 ДОБИ МНОГУ НАГРАДИ




Како компанија чии акции котираат на берза, ВИГ постојано цели кон транспарентен и сеопфатен начин на информирање за своите акционери и инвеститори. Ова е особено важно кога финансиските резултати се впишуваат во Годишниот извештај од работењето на друштвото. Особено нè радува наградата за Годишниот извештај на ВИГ Групацијата за 2013 година доделена од страна на австрискиот деловен магазин „Тренд”.

Финансискиот извештај на ВИГ беше прворангиран во категоријата „економска информираност”, а потоа жирито ја додели наградата за најјасно претставен финансиски извештај меѓу сите компании што се котираат на берза во Австрија.

Согласно сите рангирања, Годишниот извештај на ВИГ Групацијата освои петто место, со што истата е највисоко рангирана финансиска институција во Австрија.

## Консолидиран биланс на успех (МСФИ) 01.01. – 30.09.2014

| (во мил. евра) | 9M 2014 | 9M 2013 | +/- % |
|---|---|---|---|
| **Бруто полисирана премија** | **7,038.6** | **7,050.1** | **-0.2** |
| Нето заработена премија | 6,326.7 | 6,364.3 | -0.6 |
| Финансиски резултат | 844.1 | 892.1 | -5.4 |
| Други приходи | 81.8 | 96.9 | -15.6 |
| Трошоци за штети и осигурителни надоместоци | -5,297.4 | -5,395.7 | -1.8 |
| Аквизиција и административни трошоци | -1,374.3 | -1,378.2 | -0.3 |
| Други трошоци | -150.1 | -263.6 | -43.1 |
| **Добивка пред оданочување** | **430.8** | **315.9** | **36.4** |
| Даноци | -91.6 | -83.5 | 9.7 |
| **Добивка за период** | **339.3** | **232.5** | **45.9** |
| Неконтролирачки сопственички инетереси | -11.5 | -14.9 | -22.8 |
| **Нето добивка по неконтролирани сопственички интереси** | **327.7** | **217.5** | **50.7** |
| **Износ на дивиденда во евра (годишно ниво)** | **3.26** | **1.97** | **65.5** |
| **Комбиниран коефициент (нето во %)** | **97.2** | **100.6** | **-3.5pp** |

## Извештај по сегменти (МСФИ) 01.01. – 30.09.2014

**Поделба по класи на осигурување**

| | Имоти и незгода | | | Живот | | | Здравствен | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во мил. евра** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** |
| **Бруто полисирана премија** | **3,563.5** | **3,617.0** | **-1.5** | **3,184.0** | **3,129.4** | **1.7** | **291.1** | **303.7** | **-4.2** |
| **Добивка пред оданочување** | **229.3** | **52.2** | **>100** | **154.7** | **239.1** | **-35.3** | **46.8** | **24.6** | **90.2** |

**Поделба по региони**

| | Австрија | | | Република Чешка | | | Словачка | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во мил. евра** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** |
| Бруто полисирана премија имоти/незгода | 1,490.0 | 1,524.5 | -2.3 | 635.2 | 689.4 | -7.9 | 252.3 | 251.0 | 0.5 |
| Бруто полисирана премија Живот | 1,457.4 | 1,438.3 | 1.3 | 645.4 | 628.6 | 2.7 | 296.7 | 297.3 | -0.2 |
| Бруто полисирана премија Здравствено | 274.8 | 266.5 | 3.1 | | | | | | |
| **Вкупно бруто полисирана премија** | **3,222.3** | **3,229.3** | **-0.2** | **1280.6** | **1,318.0** | **-2.8** | **549.0** | **548.3** | **0.1** |
| **Добивка пред оданочување** | **151.2** | **136.7** | **10.6** | **127.6** | **144.9** | **-11.9** | **43.1** | **42.8** | **0.6** |
| **Комбиниран коефициент (нето во %)** | **100.8** | **103.2** | **-2.4pp** | **88.8** | **93.8** | **-5.1pp** | **93.1** | **93.5** | **-0.5pp** |

| | Полска | | | Романија | | | Останати | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во мил. евра** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** |
| Бруто полисирана премија имоти/незгода | 426.7 | 423.9 | 0.7 | 208.6 | 219.1 | -4.8 | 458.9 | 460.4 | -0.3 |
| Бруто полисирана премија Живот | 382.6 | 416.9 | -8.2 | 35.3 | 55.6 | -36.5 | 358.6 | 283.9 | 26.3 |
| Бруто полисирана премија Здравствено | | | | | | | 16.3 | 37.2 | -56.3 |
| **Вкупно бруто полисирана премија** | **809.2** | **840.8** | **-3.7** | **243.8** | **274.6** | **-11.2** | **833.7** | **781.5** | **6.7** |
| **Добивка пред оданочување** | **48.7** | **48.6** | **0.3** | **2.6** | **-36.1** | **n.a.** | **37.3** | **37.1** | **0.5** |
| **Комбиниран коефициент (нето во %)** | **94.6** | **95.0** | **-0.4pp** | **109.3** | **142.4** | **-33.1pp** | **96.8** | **97.5** | **-0.7pp** |

| | Централни друштва | | | Консолидација | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во мил. евра** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** | **9M 2014** | **9M 2013** | **+/- %** |
| **Вкупно бруто полисирана премија** | **989.6** | **996.7** | **-0.7** | **-889.8** | **-939.1** | **-5.3** | **7,038.6** | **7,050.1** | **-0.2** |
| **Добивка пред оданочување** | **20.0** | **-58.2** | **n.a.** | **0.3** | **0.1** | **>100** | **430.8** | **315.9** | **36.4** |
| **Нето добивка по неконтролирачки сопственички интереси** | | | | | | | **327.7** | **217.5** | **50.7** |

Може да постојат разлики во пресметувањето при заокружување на износите и на процентите кои што автоматски се сумираат.

**Виена Иншуренс Груп** (ВИГ) е најголемата групација на специјализирани друштва за осигурување во Австрија и во Централна и Источна Европа. Со околу 50 друштва во 25 земји Групацијата има долгогодишна традиција, силни брендови и близок однос со клинетите. ВИГ има долгогодишно искуство од 190 години во осигурителната дејност. Со околу 23.000 вработени, јасно дека Виена Иншуренс Груп е водач на пазарот во клучните осигурителни пазари. Токму затоа неговата одлична позиционираност може да му помогне да ја искористи можноста за долгорочен развој во регион со 180 милиони жители. Согласно АТХ, водечкиот индекс на Берзата во Виена Групацијата е најдобро рангирано друштво за осигурување; акциите на друштвото котираат на Берзата во Прага.

**Доколку имате некои други прашања, слободно обратете се до следниве лица:**


**VIENNA INSURANCE GROUP** Alexander Jedlicka +43 50 390-21029, alexander.jedlicka@vig.com
Public Relations Silvia Polan +43 50 390-21064, silvia.polan@vig.com
Schottenring 30 Julia Thaller +43 50 390-26814, julia.thaller@vig.com
1010 Vienna


Сите соопштенија за јавност можат да се преземат од нашата интернет страна: http://www.vig.com